Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 11/1-460/14
02.06.2020 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11/1-460/14
02.06 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од шестата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 12.03.2020 година | **Време** | 11:00 – 13:00 часот |
| **Бр. на седница** | Шеста седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов– претседател<br>2. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Сашко Мукаетов – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Милан Николовски (надворешен соработник-експерт), Зоран Мурџев (надворешен соработник-експерт), Борис Арсов (АЕК), Слаѓана Ангелова (СЕП), Николче Мицковски (надворешен соработник-експерт), Петар Фидановски (МИОА), Иво Шурбановски (МЕР) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од претходната седница
2. Подготовка на прв Извештај на НКБК согласно ДЕСИ
3. Информирање за воспоставување соработка со СЕП
4. Започнување процес на мапирање на користењето на бб по населени места и ревидирање на зоните
5. Информирање за процесот на усогласување на регулативата за градење со регулативата за електронски комуникацисии
6. Усвојување на препораки од страна на НКБК за поставување на оптичка кабелска канализација финансирана со јавни средства
7. Информирање за Подготовка на Студијата за изводливост/имплементација на НОБП
8. Процес на мапирање на државни институции /WiFi точки (ЈП МРД)
9. Утврдување на број на домаќинства во бели зони согласно потрошувачка на електрична енергија

## БЕЛЕШКИ

Шестата седница ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК со прифатените забелешки се усвои записникот од петтата седница, одржана на 28.02.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред**

Во однос на подготовката на првиот Извештај на НКБК согласно ДЕСИ, членот на НКБК, Славица Настеска, како носител на овој проект се осврна на концептот на самиот Извештај, изворите на информации/документи за подготовка на истиот, како и на тоа кои податоци поради краткиот временски период нема да може да се обезбедат.

Во делот за Ценовниот индекс, Настеска нагласи дека во предложената пресметка земени се предвид трите најголеми оператори со покриеност од 86 % во државата по број на претплатници.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во однос на соработката на СЕП со НКБК и со МИОА околу преводот на новата Директива за електронски комуникации (European electronic communications code) информираше Слаѓана Ангелова од СЕП. Таа нагласи дека се очекува директивата наскоро да се преведе, но од причина што станува збор за сложен процес на превод во кои се вклучени низа технички изрази и поими замоли за продолжување на рокот. Ангелова соопшти дека СЕП располага со алатка за усогласување на преводите помеѓу преведувачите, со цел да се избегне различно толкување на еден ист поим.

Исто така, Ангелова информираше дека во фаза е иницијатива за вклучување на надворешни преведувачки куќи и возобновување на техничките комитети кои треба да го надгледуваат процесот на преведување.

Славица Настеска истакна дека превод на ваква директива е сложен мултидисциплинарен процес во кој треба да бидат вклучени: лингвист, економист и стручно техничко лице. Тоа од причина што преводот освен јазичен треба да вклучи и смисловен превод.

Димитар Буковалов од своја страна додаде дека е неопходно формирањето на технички комитети и доколку е потребно може со допис НКБК да ја поддржи таа иницијатива на СЕП.

**Заклучок :** СЕП да достави допис до НКБК со кое ќе побара мислење за формирањето на техничките комитети.

**За четвртата точка од дневниот ред**

По однос на точката за започнување процес на мапирање на користењето на бродбендот по населени места и ревидирање на зоните, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, побара информација од претставникот на АЕК до кога може да започне активноста, на што Борис Арсов од АЕК одговори дека до крајот на март може да се очекува започнување на мапирањето.

Во таа насока, ќе треба да се дефинираат и соодветни прашалници и истите да се достават до операторите.

Членот на НКБК, Сашко Мукаетов, го постави прашањето дали постојат законски санкции за неспроведување на плановите за инвестиции во бродбенд мрежи кои ги најавиле операторите, бидејќи во Словенија постои законска одредба за санкционирање на операторите доколку не ги реализираат плановите кои ги најавиле.

**Заклучок 1:** Сашко Мукаетов да го обезбеди членот од законот во Словенија во однос на тамошната регулатива за санкционирање на оператори за неисполнување на предвидени планови

**Заклучок 2:** Орто фото мапата која претходно беше доставена до АЕК да се имплементира на ГИС платформата до крајот на март 2020 година.

**За петтата точка од дневниот ред**

Димитар Буковалов информираше дека МИОА до Владата доставила Информација за формирање на Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации.

Борис Арсов информираше дека до 3 април 2020 година, тече јавна расправа по однос измената и дополнувањето на Правилникот за ТК мрежи на АЕК.

Милан Николовски предложи измената на правилникот да тече, а како паралелен процес да се усогласуваат законите за градење со ЗЕК.

**Заклучок:** да се продолжи со дискусијата по однос на оваа точкана наредната седница.

**За шестата точка од дневниот ред**

Во врска со усвојувањето на препораки од страна на НКБК за поставување на оптичка кабелска канализација финансирана со јавни средства се донесе

**Заклучок:** да се формира помала работна група на експерти кои ќе дадат препораки за поставување на оптичка кабелска канализација како и користење на постоечката финансирана со јавни средства.

За преостанатите точки од дневниот ред ќе се дискутира на следното продолжение на шестата седница.

| | |
|---|---|
| Записникот го водеше | **Владимир Соколов** |
| Претседател на НКБК | **Димитар Буковалов** |